# УТРЕШНАТА ЗОРА

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“To-morrow’s Dawn” by Sri Chinmoy
Copyright © 1982 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Утрешната зора“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.214.21-84
821.111(73)-84

ЧИНМОЈ, Шри
Утрешната зора / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2019. - 50, [5] стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: To-morrow’s Dawn / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [53-55]

ISBN 978-608-4894-20-9

COBISS.MK-ID 111587082

# ПРЕДГОВОР

Овие моќни прекрасни афоризми, кои доаѓаат од пенкалото на просветлен духовен Учител, ќе го однесат трагачот во нови хоризонти на светлина и блаженство, додека го продолжува неговото патување кон Изворот.

Животот значи можност. Можноста значи нов почеток. Новиот почеток значи исполнување-зора.

*

Сакаш да знаеш нешто неверојатно, а апсолутно вистинито? Срцето на универзумот е твојата душевна насмевка.

*

Биди чист, биди чист! Гледај, Бог брзо се приближува да те научи како да се фрлиш во Неговите Совршенство-Раце и Исполнување-Срце.

*

Отворен ум е тоа што може да имаш во крајна линија. Приемливо срце е тоа што вечно си.

*

Од корените на сите религии ја научив

пораката на сомилост-височина, а во гранките на сите религии ја гледам пораката на совршенство-светлина.

*

Да ја сакаш само својата религија е да ја сакаш тело-реалноста на звук-поделбата. Да ги сакаш сите религии подеднакво е да ја сакаш душа-бесмртноста на тишина-единството.

*

Постојат безброј човечки гласови; само божествениот глас недостасува.

*

Нашиот внатрешен свет се распаѓа ако свесно не одиме отаде слепата верување- бариера на неразбудената религија.

*

Како што поминуваат годините, човекот што посакува во твојот човечки живот останува

на почетокот на твоето патување, додека човекот што тежнее во твојот божествен живот не само што трча кон целта, туку и ја достигнува целта.

*

Ти цениш. Затоа си добар. Тој сочувствува. Затоа е подобар. Јас сакам. Затоа сум далеку најдобар.

*

Бидејќи си во незнаење, се плашам од тебе. Бидејќи си невин, не се плашиш од мене.

*

Извадок од „Утрешната зора“
www.knigi.mk